**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад
за натпреварувачката 2021/2022 година

Скопје, јули 2021 година

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, - Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе:

**ПРОПОЗИЦИИ**
**ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ВТОРА МФЛ ИСТОК И ВТОРА МФЛ ЗАПАД ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2021/2022 ГОДИНА**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Натпреварувањето во Втората фудбалска лига Исток ( Втора МФЛ Исток) и Втората фудбалска лига Запад (Втора МФЛ Запад) претставува втор степен на натпреварување и е постојано натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија.

Со натпреварувањето во двете Втори фудбалски лиги раководи Комисија за натпревари определена од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

**Член 2**

Во натпреварувачката 2021/2022 година, двете Втори фудбалски лиги бројат најмногу по 10 (десет) фудбалски клубови подредени по азбучен редослед врз основа на решенијата за лиценцирање донесени од страна на Комисија за лиценцирање на ФФМ на ФФМ.

Списокот на клубовите учесници е составен дел од овие Пропозиции.

**Член 3**

Натпреварите се играат по Бергеров систем, во три круга.

Во првите два круга се применува класичен Бергеров систем (дома-гости).

Во третиот круг се применува Словенечкиот Бергеров систем со повластени клубови согласно остварениот пласман по 18-то коло.

Првенствениот натпревар трае 2 x 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

Главниот судија на натпреварот согласно Правилата на фудбалска игра може да врши надоместување на време.

**Член 4**

Календарот за натпреварување на предлог на органот кој раководи со натпреварувањето – Комисијата за натпревари на ФФМ, го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија пред отпочнување на есенскиот дел од првенството.

Доколку првенството е засегнато од последиците на пандемијата со Ковид 19 или друг тип на епидемија, во понатамошниот текст и само Ковид, Комисијата за натпревари може да прави измени во календарот на натпреварување.

Клуб може да побара одложување на натпревар од причини поврзани со Ковид само доколку се утврди дека од вкупниот број на регистрирани фудбалери на клубот кои имаат право на настап за сениорската екипа, од причини наведени во став 2 на овој член на натпреварот можат да настапат помалку од 11 фудбалери.

Доколку бројот на клубови кои во едно коло бараат одложување на натпревар од причини наведени во став 2 на овој член изнесува повеќе од 2, Комисијата за натпревари го поместува одигрувањето на колото за нареден прифатлив термин.

Одложените натпревари или одложеното коло во есенскиот дел од првенстовото од причини поврзани со Ковид или друг тип на епидемија , се одигруваат на прв нареден можен датум.

Одложените натпревари или одложеното коло во пролетниот дел од првенстовото од причини поврзани со Ковид или друг тип на епидемија, се одигруваат пред одигрување на наредното коло по распоред.

Натпреварите за кои било побарано одложување и биле одложени од причини поврзани со Ковид или друг тип на епидемија, во случај на прекин на натпреварувањето мора да се одиграат пред утврдување на завршната табела.

Доколку не постојат услови завршната табела да се утврди пред 14.06.2022 година, одложените натпревари можат да се одиграат и по 15.06.2022 година имајќи во предвид дека на тие натпревари можат да настапат исклучиво фудбалерите кои правото на настап за клубот го имале стекнато пред почеток на летниот преоден рок.

Исклучок од став 7 од овој член претставува поништување на првенството, во услови на поништување на првенството, клубовите немаат обврска да ги одиграат одложените натпревари.

**Член 5**

Распоредот на натпреварите се одредува со ждрепка пред почеток на натпреварувањето.

Натпреварувањето во Втората фудбалска лига Исток и Запад за натпреварувачката 2021/2022 година започнува согласно календарот на натпреварување на 21/22.08.2021 година освен ако со Одлука на надлежно тело истиот не се промени.

**Член 6**

За организација на натпревар во Втората фудбалска лига Исток и Втората фудбалска лига Запад (во понатамошниот текст и втори лиги) е одговорен клубот домаќин.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно одредбите на Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 6а**

Доколку надлежен државен орган утврди потреба од превенција и заштита од ковид 19 или заштита од друг вид на епидемија, клубот домаќин и клубот гостин пред, за време и по завршување на натпреварот имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19" или друг Протокол со кој се предвидуваат мерки на заштита, во понатамошниот текст и само Протокол.

Протоколот е составен дел на овие Пропозиции.

**Член 7**

Клубот домаќин во вторите лиги е должен да ги исполни неопходните услови предвидени во Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти.

Клубовите имаат обврска пред почеток на натпреварувачката година а најдоцна до закажаниот термин за извлекување парови (ждреб) до Комисијата за натпревари на ФФМ да достават известување за користење на домашен и алтернативен терен за одигрување на натпревари.

Во случај на виша сила или изречена суспензија, клубот домаќин може да побара од Комисијата за натпревари на ФФМ одобрување за одигрување на првенствен натпревар како домаќин на трет терен кој мора да биде различен од теренот кој е пријавен од противникот како домашен или алтернативен.

По исклучок,теренот на противникот може да се користи за организирање на натпревар како домаќин доколку исходот од натпреварот не влијае на распоредот на табелата и натпреварувањето за што конечна одлука носи органот кој го раководи натпреварувањето.

**Член 8**

Клубот домаќин е обврзан:

- натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР) и итната медицинска помош;
- на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за итна медицинска помош со лекарска екипа (најмалку еден лекар и медицински техничар);
- да обезбеди присуство на противпожарно возило (за натпревари прогласени за високо ризични);
- да обезбеди функционален апарат за мерење на температура и лице кое ќе има обврска за одговорно мерење на телесната температура доколку истото е предвидено со Протокол согласно член 6а од овие Пропозиции;
- да обезбеди присуство на најмалку четири лица со медицински носила;
- да обезбеди редарска служба/агенција за обезбедување;
- да назначи комесар за безбедност или заменик кој ќе присуствува на натпреварот.

При обезбедување на редарска služба како и при исполнување на другите обврски кои произлегуваат од оваа одредба, клубот домаќин има обврска да се придржува на Протоколот.

Во случај клубот домаќин да не постапил согласно став 1 алинеа 1 ,2, 3 и 4 од овој член (доколку обврската е утврдена) натпреварот нема да се одигра и истиот ќе биде презакажан да се одигра во рок од 24 часа а трошоците за службените лица како и трошоците за превоз и храна на гостинската екипа (за што гостинската екипа приложува фактура) на презакажаниот натпревар ги сноси клубот домаќин.

Во случај клубот домаќин да не постапи согласно став 1 алинеа 1,2,3 и 4 и на повторно закажаниот натпревар како и во последните три кола од натпреварувачката година, натпреварот нема да се презакажува и истиот ќе се регистрира со службен резултат во корист на гостинската екипа.

**Член 8а**

Активностите кои клубот домаќин има обврска да ги превземе согласно член 9,10,11 и 12 од овие Пропозиции треба да ги усогласи и ги превзема согласно мерките за заштита предвидени во Протоколот утврден со член 6а од овие Пропозиции.

**Член 9**

Клубот домаќин како организатор на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории;
- да ги обезбеди возилата на гостите и службените лица, во случај на било какво оштетување штетата мора да ја надомести клубот домаќин во спротивно клубот се предава во постапка пред надлежниот дисциплински орган;
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории;
- да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат неопходно загреани;
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди топла и ладна вода;
- да обезбеди службен сниматeл на натпреварот;
- да обезбеди разглас и најавувач;
- на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот да му достави доказ дека натпреварот благовремено е пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР);
- да обезбеди присуство на лекар и возило за итна медицинска помош;
- да обезбеди деца за фаќање топки;
- да обезбеди најмалку 5 топки за одигрување на натпреварот (од ист вид одобрени од ФФМ);
- да обезбеди најмалку 5 портокалови топки за одигрување на натпревар во зимски услови;
- да изврши соодветно обележување на теренот за игра во зимски услови

- да обезбеди лице ( комет администратор) кое ќе го состави записникот.

**Член 10**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- судиите
- делегатот
- записничарот(комет администратор),
- ополномоштени преставници на двата клуба,
- лекари на двете екипи заведени во записникот,
- физиотерапевти на двете екипи заведени во записникот,
- шефови на стручни штабови на двете екипи,
- тренери на двете екипи заведени во записникот,
- тренери на голманите од двете екипи заведени во записникот,
- економите на двете екипи,
- претставници на мвр,
- членови на противпожарна екипа (за натпревари од висок ризик) кои треба да бидат во своето возило во текот на одигрување на натпреварот).
- две технички лица ( електричар и водоводџија) кои не смеат да бидат во оградениот дел од теренот, освен во случај на итност за што мора да се извести и даде дозвола делегатот на натпреварот).
- комесар за безбедност по процена на делегатот

Освен за фудбалерите и судиите ,клубот домаќин мора да обезбеди видни ознаки за сите останати лица кои задолжително треба да ги носат на себе.

**Член 11**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат;
- резервни фудбалери;
- службените лица заведени во записникот од натпреварот;
- фоторепортери со ознаки;
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки;
- лица задолжени за медицински носилки;
- спикер за разгласот;
- претставници на МВР и лекарска екипа со кола за итна медицинска помош (од јавна или приватна здравствена организација);
- економи (за време на натпреварот мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните).

**Член 12**

Клубот домаќин задолжително обезбедува:

- табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време
- две знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 x 40 сантиметри со жолта или портокалова боја.
- на повеќе места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

**ЗАПИСНИК**

**Член 13**

Записникот е службен документ за натпреварот.

Записникот се составува во присуство на делегатот на натпреварот, претставници на двата клуба и судиите со примена на мерките за заштита наведени во Протоколот.

Записникот се составува еден час пред почетокот на натпреварот од страна на комет администраторот на клубот.

Во записникот со потпис на делегатот и со потпис на двата преставника од клубовите пред почеток на натпреварот се потврдува идентитетот на фудбалерите, се констатира лекарскиот преглед, дозволата за работа на тренерите во соодветните клубови.

Фудбалерите без важечки лекарски преглед не се внесуваат во записник, исклучок се фудбалерите за кои не може да се утврди важечки лекарски преглед поради заборавена спортска легитимација и/или специјален лекарски преглед, истите се внесуваат во записник а клубот ги доставува дополнително согласно Правилникот за натпревари.

Се додека записникот не го потпишат двата претставника на клубовите и делегатот, натпреварот не смее да започне.

Во записникот од натпреварот се внесува донесената одлука на судијата за утврдена неподобност на теренот за игра.

По завршување на натпреварот судијата со потпис го потврдува резултатот, заменетите фудбалери, стрелците на головите, опоменатите и исклучените фудбалери.

Делегатот во делегатскиот извештај дава осврт на организацијата и случувањата на натпреварот.

Записникот се заклучува во Комет системот од страна на главниот судија веднаш по завршување на натпреварот.

За секое исклучување на натпреварот, судијата има обврска по завршување на натпреварот да даде дополнителна изјава со опис на исклучувањето.

Во случај на технички проблеми, Комет администраторот на клубот има обврска да стапи во контакт со Комет администраторот на ФФМ, записникот од натпреварот да го изготви електронски или на друг начин и истиот во оргинална форма да го предаде на делегатот на натпреварот веднаш по завршување на натпреварот.

**СЛУЖБЕНИ ЛИЦА**

**Член 14**

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите;
- го предава составот на екипата - спортските легитимации на фудбалерите на делегатот еден час пред почетокот на натпреварот;
- ги предава изјавите за одговорност на делегатот еден час пред почетокот на натпреварот доколку Протоколот го налага истото;
- по составувањето на записникот со свој потпис ги гарантира податоците за својата екипа и одговара за евентуални пропусти;
- извршува и други обврски зададени од делегатот во насока на непречено одигрување на натпреварот.

**Член 15**

Натпреварот не може да започне без потребниот број на судии, утврден од Судискиот одбор на ФФМ во согласност со правилата на фудбалска игра кој за натпреварувачката година 2021/2022 изнесува - еден главен судија, двајца помошни судии и четврт судија.

По исклучок, за определени натпревари Судискиот одбор може да делегира 6 судии.

**Член 16**

Судиите и контролорите се одредуваат од страна на Судискиот одбор на ФФМ преку овластени лица (комесари) за делегирање на судии односно контролори.

Судиите својата должност ја извршуваат согласно Правилата на фудбалската игра и Правилникот за судии и судење на ФФМ.

Во вршењето на судиската и контролорска должност ,судиите и контролорите имаат обврска да ги почитуваат мерките уредени со Протоколот.

**Член 17**

Стручниот штаб на екипата е составен од шеф на стручен штаб, помошник тренер, тренер на голмани а по исклучок уште еден помошник тренер, лекар и физиотерапевт .

Клубот има обврска да достави барање до Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ за издавање дозвола за работа (лиценца) за лекарот и физиотерапевтот за тековната сезона.

За водење на сениорската екипа на клубот во Втора лига , клубот обезбедува дозвола за работа на својот шеф на стручен штаб, од страна на Тренерскиот одбор на ФФМ.

Дозволата за работа се добива за предметната натпреварувачка година.

Екипата ја води шефот на стручниот штаб доколку има најмалку УЕФА А лиценца, во оправдани случаи за што потврдува Тренерскиот одбор на ФФМ екипата ја води помошникот тренер доколку ја има потребната лиценца за водење на екипа во Втора лига.

Шефот на стручниот штаб (во негово отуство помошникот тренер) дава напатствија на фудбалерите за време на натпреварот од место однапред определено за таа цел.

За времетраење на натпреварот, само едно лице од клупата за резервни фудбалери има право да го прати натпреварот во стоечка положба.

Однесувањето на стручниот штаб и на другите службени лица на клубот пред, за време и по натпреварот, спротивно на Правилата на фудбалска игра, овие Пропозиции и актите на ФФМ се санкционира од страна на судијата на натпреварот со јавна опомена или исклучување.

Доколку последиците од Ковид или друга епидемија го засегнуваат стручниот штаб на екипата, на начин што став 5 од овој член не може да се примени и екипата останува без шеф на стручен штаб, клубот бара одобрение од Тренерскиот одбор на ФФМ за привремена дозвола за работа и на друг тренер.

Привремената дозвола за работа на друг тренер се издава за времетраењето на спреченоста на шефот на стручниот штаб или помошникот од став 5 на овој член согласно минимум критериуми кои ги изготвува Тренерскиот одбор на ФФМ.

**Член 18**

Делегат на натпревар е претставник на органот кој раководи со натпреварувањето на предметниот натпревар.

Делегатот го одредува органот кој раководи со натпреварувањето – Комисијата за натпревари на ФФМ односно Претседавачот на Комисијата за натпревари на ФФМ.

Делегатот на натпреварот мора да пристигне 1 (еден) час и 30 минути пред да започне натпреварот.

Делегатот, комесарите за безбедност( ако е присутен и гостинскиот) и двајцата претставници на клубовите одржуваат технички состанок пред да пристапат кон изготвување на записникот.

**Член 18а**

Службените лица , наведени во овие Пропозиции , своите права и должности ќе ги обавуваат согласно Протоколот за заштита од Ковид или друг тип на Протокол доколку истиот е пропишан согласно член 6а од овие Пропозиции.

**Член 19**

Делегатот ги има следните правата и обврски:

- да биде присутен при спроведување на мерките за заштита утврдени со Протокол кои се однесуваат на мерење на температура на сите учесници и ги евидентира учесниците кои имаат покачена телесна температура во делегатскиот извештај;
- да утврди дали натпреварот е благовремено пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР) како и да утврди дали е присутна лекарска екипа и возило за итна медицинска помош,
- да воспостави контакт со Комесарот за безбедност на клубот домаќин и со одговорното лице на МВР;

- пред натпреварот да изврши преглед на просториите, игралиштето и оградата на игралиштето и доколку забележи евентуални недостатоци да направи обид домаќинот да ги отстрани до почетокот на натпреварот во спротивно истите да ги евидентира во делегатскиот извештај , да го извести клубот домаќин и Комисијата за инфраструктура на ФФМ за укажаното одстранување на недостатоците;

- пред да го состави записникот да утврди дали службените простории се чисти како и доколку Протоколот не е на сила дали има топла и ладна вода, дали просториите се затоплени (кога е применливо) дали има електрично осветлување;

- доколку нема забрана гостинската екипа да носи организирано навивачи, а домаќинот најави дека ќе бара проценување на евентуална направена штета , делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на трибината каде ќе бидат сместени навивачите (столчиња и друга опрема), пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе и детално опише во делегатскиот извештај;

- во околности предвидени со Протоколот и доколку Протоколот не е на сила а по барање на домаќинот, делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на соблекувалните пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе во делегатскиот извештај;

- да не дозволи отпочнување на натпреварот доколку има неслужбени лица во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот и да бара нивно одстранување пред, за време и по завршување на натпреварот;

- да констатира важечки лекарски преглед на фудбалерите (евидентиран во спортските легитимации или потврда) и да ги предупреди преставниците на клубовите за увидени недостатоци и пропусти и укаже дека фудбалерите без важечки лекарски преглед не може да се внесат во записник;

- да ги побара и земе од претставниците на клубовите изјавите за одговорност доколку се истите пропишани и да го евидентира истото во делегатскиот извештај;

- по барање на еден или двата претставника на клубовите или по сопствен наод должен е во нивно и присуство на судиите, на теренот пред отпочнувањето на натпреварот за време на одигрување на натпреварот и најдоцна 15 минути по завршување на натпреварот да изврши поединечна проверка на идентитетот на фудбалерите; неможноста да се обезбеди присуство на претставникот на екипата при проверка на идентитетот на некој фудбалер не влијае на чинот на проверката;

- да утврди дали тренерите и лекарите имаат соодветна дозвола за работа,

- да ја утврди присутноста на делегираните службени лица на натпреварот;

- по составувањето на записникот да им даде по еден примерок на главниот судија, претставниците на екипите и новинарите;

- да следи дали организацијата на натпреварот во целиот тек на натпреварот се одвива согласно Протоколот, Правилникот за натпревари, овие Пропозиции и Правилникот за безбедност на ФФМ;

- за присуството на неслужбени лица во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот пред, за време и по завршување на натпреварот да ја извести Комисијата за натпревари на ФФМ,

- по барање на претставниците за евентуален неправилен настап на некој фудбалер да ја земе спортската легитимација и истата да ја достави до Комисијата за натпревари на ФФМ,

- во случај на некоректно навивање од страна на навивачите (доколку присуството на навивачи не е забрането со Протокол или одлука) да интервенира кај претставникот на екипата или комесарот за безбедност на домашната екипа, таквото навивање да престане, доколку се продолжи со неспортско навивање и процени дека е потребно, може да побара од главниот судија за определен временски период (имајќи го во предвид времетраењето на натпреварот) да го запре натпреварот и да побара од претставниците на МВР и домаќинот да се испразни дел од трибината, во повторен потежок случај може да побара од главниот судија да го прекине натпреварот;

- во случај клубот на записник да не пријави шеф на стручен штаб делегатот има обврска за истото да ја извести Комисијата за натпревари на ФФМ за понатамошно постапување.

- по завршување на натпреварот, делегатот има обврска да земе изјава од исклучените, пријавени фудбалери или било кое службено лице како и од главниот судија со опис на исклучувањето и спортска легитимација (доколку исклученото или пријавено лице ја има) и истите да ги достави до надлежните органи на ФФМ заедно со записникот од натпреварот;

- по завршувањето на натпреварот се произнесува за организацијата на натпреварот и евентуални проблеми во делегатскиот извештај и во рок од 24 часа ги доставува до надлежните органи на ФФМ;

- да известува за резултатот, направените измени и добиени опомени и исклучувања на натпреварот преку соодветна мобилна апликација обезбедена од ФФМ.

**ПРАВО НА НАСТАП**

**Член 20**

(1)На првенствените натпревари право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ а на денот на натпреварот не се помлади од 17 години.

(2)Со право на настап се стекнуваат и фудбалерите кои на денот на натпреварот наполниле 16 години и имаат специјален лекарски преглед.

(3)Фудбалер без важечки лекарски или специјален лекарски преглед нема право на настап.

(4)За времетраењето на пандемијата со Ковид или епидемија од друг предизвикувач, фудбалерите кои го стекнале правото на настап согласно став 1 и 2 на овој член, може да им се ограничи правото на настап и истите не можат да настапуваат доколку им се детектира присуство на предизвикувачот со тест пропишан од здравствените власти или биле во контакт со заболено лице или им е изречена мерка за самоизолација или друга мерка во согласност со важечкиот Протоколот.

(5)Фудбалерите од претходниот став (4) добиваат третман на повредени фудбалери а натпреварот може да се одложи согласно член 4 од овие Пропозиции.

(6)Фудбалерите наведени во став 4 немаат право на настап до завршување на пропишаниот период на изолација согласно тековните напатствија,препораки, уредби или други позитивни прописи на надлежен државен орган.

(7)Органот кој го води натпреварувањето или Генералниот секретар тековно ќе ги известува клубовите за промените кои влијаат на ограничување и повторно стекнување на ограниченото право на настап поради прогласена епидемија/пандемија.

(8)Сите клубови учесници во Втората лига, првото полувреме мора да го започнат и завршат со два домашни фудбалери, кои немаат навршено 21 година .

(9)За екипата која од причини поврзани со Ковид или друг предизвикувач остане со 11 фудбалери кои можат да настапат, став 8 не е задолжителен.

(10)За фудбалер под 21 година се смета секој играч или голман кој на 15.06 во тековната натпреварувачка година нема наполнето 21 година.

(11) Фудбалерите од став 10 на овој член имаат право на настап како фудбалери под 21 година за времетраење на целата натпреварувачка година.

(12) Клубот кој првото полувреме го започне со фудбалери кои немаат навршено 21 година, а истите се исклучени (двајцата) или се искористени сите можности за измена, нема обврска првото полувреме да го заврши со фудбалер/и кои немаат навршено 21 година.

(13) Домашниот фудбалер од став 8 кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар) , доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и одбере да настапува за странската репрезентација, го губи статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година до настап за селекција на ФФМ кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.

(14) Доколку фудбалер бил повикан и одбрал да настапува на **официјален** натпревар за странска репрезентација **во некоја претходна сезона**, со настап за селекција на ФФМ повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.

(15) Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа.

**Член 21**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите не одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 22**

Секој клуб има право на замена на три фудбалери.

Клубовите имаат право на четири замени само во бараж натпревари во кои е предвидено да се играат подолжетоци од 2x15минути.

За времетраењето на пандемијата со Ковид, одредбите од став 1 и 2 на овој член нема да се применуваат а екипите имаат право на замена на по пет фудбалери согласно правилата на игра на ИФАБ(IFAB).

Замените на фудбалерите предвидени во став 3 може да се вршат во најмногу три наврати за секоја екипа, замената направена на полувреме не влегува во споменатите три наврати.

За времетраењето на пандемијата со Ковид, независно дали се искористени сите замени или не се, клубовите имаат право на уште една дополнителна замена кога е предвидено да се играат продолжетоци од 2x15минути.

Дополнителната замена може да се изврши во еден наврат, пред почеток на продолжувањето или во паузата на продолжувањето.

## ОСВЕТЛУВАЊЕ,СНИМАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 23**

Првенствените натпревари се играат како дневни.

Во случај клубот домаќин да побара натпреварот да се игра под осветлување должен е да го извести органот за натпреварување кој што треба да одлучи дали ќе даде согласност за одигрување на натпреварот под осветлување.

Доколку се одигрува натпревар под осветлување, а клубот гостин изрази желба да тренира под осветлување, клубот домаќин има обврска на гостинската екипа да и обезбеди еден тренинг под осветлување, а трошоците за осветлувањето и тренингот на теренот ги сноси клубот домаќин.

**Член 24**

Клубот домаќин има обврска согласно одредбите на Правилникот за натпревари да го снима натпреварот.

По барање на гостинскиот клуб да го снима натпреварот, клубот домаќин има обврска да обезбеди прегледно и безбедно место на гостинскиот сниматeл.

Снимателот од став 1 на овој член има третман на службено лице.

Доколку натпреварот се пренесува на електронски медиум во организација или со одобрение од ФФМ, клубот домаќин има обврска да обезбеди соодветна платформа (по стандарди пропишани од ФФМ) за безбеден и квалитетен пренос на натпреварот.

**ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР**

**Член 25**

Секој исклучен фудбалер или службено лице должно е по завршувањето на натпреварот, преку својот претставник на делегатот да му достави писмена изјава.

Претставникот на клубот со писмената изјава на исклучениот фудбалер ја доставува и спортската легитимација.

Во случај претставникот да е исклучен, писмените изјави ги доставува капитенот на екипата.

Во случај на постапување спротивно од пропишаното во став 1 , 2 и 3 од овој член ќе се смета дека исклучените лица се сослушани.

Непостапувањето по став 1 , 2 и 3 на овој член ќе се земе како отежителна околност при изрекувањето на казна.

Исклучен фудбалер или службено лице (согласно член 40 од овие пропозиции) и лице кое не е внесено во записникот а е функционер на клубот не смее да се наоѓа во оградениот дел од теренот.

Присуството на лицата од претходниот став во оградениот дел од теренот ќе се смета за присуство на неслужбено лице на терен.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

**Член 26**

По завршувањето на натпреварот и составувањето на записникот домаќинот е должен во соработка со Комесарот за безбедност и претставници на органот за безбедност - МВР безбедно да ги испрати гостите и службените лица.

За било каков испад или оштетување на возилата на службените лица и гостинската екипа , клубот домаќин сноси одговорност согласно одредбите на дисциплинскиот правилник.

**ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ КОИ ВЛИЈААТ НА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ**

**Член 27**

Суспендиран или казнет клуб со забрана на одигрување на натпревари на свој терен, натпреварите ќе ги игра на оддалеченост од 100 километри на терен одобрен за играње од страна на надлежно тело согласно одредбите на Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ.

Гостинскиот клуб има право на надомест за направените дополнителни трошоци (само за направената разлика за превозот) со доставување доказен материјал до надлежниот орган за натпреварување кој со одлука ќе го задолжи клубот домаќин за надоместување на направените трошоци.

**Член 28**

На натпревар кој се одигрува без публика поради изречена дисциплинска мерка одигрување на натпревар без присуство на гледачи, дозволено е присуство на по 10 лица – функционери на двата клуба (домаќин и гостин ) со список, снимателите на натпреварот и новинарите.

Присуство на редари на овие натпревари не е дозволено.

Доколку присуството на публика не е дозволено или е ограничено со Протокол од член 6а на овие Пропозиции, на натпреварот може да присуствуваат само лица утврдени со Протоколот.

**Член 29**

Во случај надлежен орган да донесе одлука за преигрување на натпревар, изречените опомени и црвени картони не се бришат.

**ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Член 30**

Сите натпревари во прв степен ги регистрира Комисијата за натпревари на ФФМ како орган кој го води натпреварувањето.

Еднаш регистриран натпревар истиот орган нема право повторно да го регистрира.

Исклучок од правилото од став 2 на овој член е постапување на првостепениот орган во жалбена постапка.

**Член 31**

Комисијата пласманот на табелата го утврдува по бод систем.

Екипа која ќе победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови.

Комисијата за натпревари по секое коло изготвува табела на натпреварувањето која содржи:

- број на екипи
- број на одиграни натпревари
- број на победени натпревари
- број на нерешени натпревари
- број на изгубени натпревари
- број на дадени голови
- број на примени голови
- број на освоени бодови.

Табелата се објавува во Билтен на Комисијата и се доставува до клубовите по електронска пошта.

На крајот на натпреварувачката година Комисијата утврдува конечна табела и истата ја објавува во службениот лист на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

**Член 31а**

Доколку последиците од Ковид или друг предизвикувач на пандемија/епидемија, наметнат прекин на натпреварувањето а при тоа не се одиграни 50% од натпреварите односно 50% од вкупниот број на кола по распоред (неодиграни 14 кола и повеќе), првенството 2021/22 се поништува а екипите не испаѓаат и не остваруваат пласман во повисок ранг.

Доколку последиците од Ковид или друг предизвикувач на пандемија/епидемија , наметнат прекин на натпреварувањето а при тоа се одиграни најмалку 75% од натпреварите,односно вкупниот број на кола по распоред (најмалку одиграни 21 кола), првенството 2021/22 ќе се смета за завршено; прворангираната екипа се смета за првак, екипите испаѓаат и обезбедуваат пласман во повисок ранг согласно овие пропозиции.

Доколку последиците од Ковид или друг предизвикувач на пандемија/епидемија, наметнат прекин на натпреварувањето а при тоа се одиграни повеќе од 50% а помалку од 75 % од натпреварите Комисијата за натпревари ја „замрзнува" табелата заклучно со последното одиграно коло пред прекинот.Екипите не испаѓаат и обезбедуваат пласман во повисок ранг согласно овие Пропозиции.

За оние екипи кои имаат ист број на бодови а испаѓаат или можат да се стекнат со право да се натпреваруваат во повисок ранг, исклучокот од член 107 од Правилникот за натпреварувања, се применува само доколку во моментот на прекин, засегнатите екипи ги имаат одиграно сите меѓусебни средби предвидени со Календарот и распоредот на натпреварување.

**Член 32**

Комисијата за натпревари:

- раководи со натпреварувањето во двете Втори лиги во согласност со Правилникот за натпреварување на ФФМ, овие пропозиции како и други акти на ФФМ;
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ;
- го утврдува календарот за натпреварување;

- го утврдува распоредот на натпреварите;
- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен;
- одлучува за оправданост и исполнетост на условите за преигрување на натпревар;
- води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери;
- поднесува пријави за покренување дисциплински постапки за прекршоци кои се поврзани или произлегуваат од самото натпреварување;
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар;
- одлучува по барања за одложување на натпревари;
- може да изрече суспензија на терен во случаи предвидени со Правилникот за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на ФФМ;
- може да изрече суспензија на терен по предлог на Телото за инфраструктура;
- го прати и анализира системот на натпреварување и предлага негови измени и дополнувања;
- ги одредува делегатите на натпреварите, ја прати и анализира нивната работа;
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ;
- изрекува автоматски казни.

## АВТОМАТСКИ КАЗНИ

### Член 33

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот домаќин во висина од 500 евра во денарска противвредност на денот на уплатата, доколку не му дозволи на снимателот на гостинската екипа да го снима натпреварот.

- Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот домаќин во висина од 1000 евра во денарска противвредност на денот на уплатата, на клубот домаќин доколку не и дозволи на екипата овластена од ФФМ да го пренесува/снима натпреварот.

### Член 34

Доколку по завршувањето на натпреварот во присуство на преставниците на клубовите и делегатот , клубот домаќин не му достави на контролорот на судењето службен аудио-видео запис од натпреварот со прифатлива технологија, на клубот домаќин ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 1500 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

Автоматската парична казна од став 1 на овој член ќе му се изрече на клубот домаќин и доколку натпреварот не е снимен во континуитет а посебно во инцидентните моменти.

### Член 35

Доколку во текот на натпреварот од страна на неовластени лица се уфрлуваат топки на теренот односно се попречува играта на друг начин со користење ласери, пиротехнички средства, симулирање судиска свирка и слично, клубот домаќин ќе биде казнет со автоматска парична казна во висина од 150 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

### Член 36

На клубот чиј фудбалер или службено лице за време на натпреварот добие црвен картон освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот или на службеното лице согласно одредбите на овие Пропозиции и Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за натпревари му изрекува и автоматска парична казна во висина од 100 (сто) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

### Член 37

На клубот чиј фудбалер или службено лице за време на натпреварот добие црвен картон поради втор жолт картон освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот или на службеното лице согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за

натпревари му изрекува автоматска парична казна во висина од 50(педесет ) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**Член 38**

За секој добиен жолт картон на фудбалерот или на службеното лице на клубот му се изрекува автоматска парична казна во зависност од бројот на добиените картони како следи:

| | евра |
|---|---|
| Прв жолт | 5 |
| Втор жолт | 15 |
| Трет жолт | 20 |
| Четврт жолт | 25 |
| Петти жолт | / |

Фудбалерот или службеното лице на клубот кое добило (5) пет жолти картони, ќе ја издржи автоматската казна забрана на играње/ вршење на функција од еден натпревар во следното коло.

**Член 39**

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 500 евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот кој не го внел на записник минималниот број од 11 фудбалери предвиден со Правилникот за натпревари.

**Член 40**

Службеното лице на клубот кое црвениот картон го добил директно или поради покажан втор жолт картон на натпреварот, го напушта натпреварот и нема право да ја врши функцијата на наредниот првенствен натпревар. За посериозен или прекршок кој се повторува повеќе пати за време на натпреварот , против службеното лице се покренува дисциплинска постапка.

Во случаи кога службено лице е докторот/физиотерапевтот на екипата а екипата нема друг доктор/физиотерапевт истиот останува во боксот до крајот на натпреварот .

Кога судијата не може да утврди кое службено лице го направило прекршокот, картонот му се доделува на шефот на стручниот штаб.

**Член 41**

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 250 (двестапедесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата доколку:

- не обезбеди најмалку четири лица со медицински носила;
- комесарот за безбедност или негов заменик не присуствува на натпреварот;
- не обезбеди разглас и најавувач;
- не обезбеди 5 топки за одигрување на натпреварот (ист вид) согласно член 9 од овие Пропозиции;
- не обезбеди 5 портокалови топки за одигрување на натпреварот во зимски услови
- не изврши соодветно обележување на теренот за игра во зимски или отежнати услови;
- не обезбеди деца за фаќање топки;
- не обезбеди комет администратор за составување на записник;
- не обезбеди табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време;
- доколку не ги обележи јасно и еднолично фоторепортерите, новинарите и редарите (обезбедување);
- доколку не создаде услови за вршење на пренос на натпреварот и не обезбеди електрично напојување, платформа за снимање и заштитна мрежа;
- доколку замените на фудбалерите ги направи во поголем број на наврати од предвидените со овие Пропозиции.

**Член 41а**

За неисполнувањето на обврските на клубовите кои произлегуваат од примена на Протоколот а се однесуваат на:

-обезбедување на функционален апарат за мерење на температура;

-обезбедување лице и одговорно мерење на температура на сите учесници за кои истото е предвидено во Протоколот;

- неспроведување или делумно спроведување на мерките поврзани со употреба и обезбедување на средства за дезинфекција;

- обезбедување и користење на заштитни маски,

Комисијата за натпревари ќе изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 100 (сто) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

Доколку со Протоколот се изменат или дополнат обврските за клубовите, автоматската парична казна ќе се изрекува и за изменетите или дополнети обврски.

**Член 41б**

За неисполнувањето на обврските на клубовите кои произлегуваат од примена на Протоколот а се однесуваат на користење на соблекувални, Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 250 (двестапедесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА**

**Член 42**

По завршување на натпреварот незадоволната страна преку својот претставник може да најави жалба, жалбата се најавува кај делегатот на натпреварот, со телеграма или преку електронска пошта во рок од 24 часа од одигрувањето на натпреварот согласно одредбите на Правилникот за натпревари.

Сите најавени жалби во два примерока со образложение мора да се достават до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 72 часа од денот на одигрување на натпреварот.

Заинтересиран клуб има право во рок од 48 часа по одигрувањето на натпреварот да достави жалба со образложение до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во два примерока.

Жалбата уредно заведена, со печат и потпишана од овластено лице се доставува по пошта или по електронски пат до архивата на ФФМ на адреса: arhivazalbi@ffm.com.mk Жалителот има обврска да ја достави жалбата и во оригинал.

Жалителот во жалбата има обврска да наведе е-маил адреса за комуникација која може да биде официјалната е-маил адреса на клубот или различна а ќе се смета за маил адреса за комуникација и воспоставен начин на достава за конкретниот предмет.

Жалбите доставени надвор од предвидениот рок како и жалбите за кои не е уплатена предвидената такса не се земаат во постапка.

Писмената и одлуките поврзани со жалбата се смета дека се примени на денот на испраќањето на е-маилот доколку се испратени до 12 часот во спротивно ќе се смета дека се примени наредниот ден; електронска пошта испратена на државен празник, во сабота и недела ќе се смета дека е примена наредниот ден односно во понеделник.

По жалбата во прв степен органот за натпреварување мора да донесе одлука во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата.

Еден примерок од жалбата органот за натпреварување мора да достави до обжалената страна која по жалбата треба да се произнесе веднаш а најдоцна во рок од 24 часа од приемот.

Донесената одлука органот за натпреварување ја објавува во службениот лист „Макфудбал“ и ја доставува до засегнатите страни.

**Член 43**

Во последните три кола од првенството или во случај кога по распоредот се игра вонредно коло, роковите за одлучување по жалби се скратуваат од 8 на 3 дена.

Поради итност во постапувањето, органот на натпреварување може да утврди и пократки рокови за поднесување и одлучување.

**Член 44**

Доколку прво степениот орган не се произнесе по наводите на жалбата во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

**Член 45**

Незадоволната страна од донесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од три (3) дена од приемот на одлуката донесена од првостепениот орган со уплата на пропишана такса.

Незадоволната страна од недонесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена по истекот на рокот предвиден во член **44** од овие Пропозиции со уредно уплатена пропишана такса.

Жалителот во жалбата има обврска да наведе е-маил адреса за комуникација која може да биде официјалната е-маил адреса на клубот или различна а ќе се смета за маил адреса за комуникација и воспоставен начин на достава.

Писмената и одлуките поврзани со жалбата се смета дека се примени на денот на испраќањето на е-маилот доколку се испратени до 12 часот во спротивно ќе се смета дека се примени наредниот ден; електронска пошта испратена на државен празник, во сабота и недела ќе се смета дека е примена наредниот ден односно во понеделник.

Комисијата за жалби одлуката мора да ја донесе во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата упатена на одлучување во втор степен.

Одлуката на Комисијата за жалби е конечна.

Второстепената одлука мора да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал" и да се достави до засегнатите страни.

**Член 46**

Доколку во рок од осум дена од денот на доставувањето на второ степената жалба Комисијата за жалби не одлучува ќе се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

**КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ,ВЛЕЗ И ИСПАЃАЊЕ ОД ЛИГАТА**

**Член 47**

Со право да учествува во натпреварување во Втората фудбалска лига Исток и Запад, се стекнува фудбалски клуб кој покрај спортските критериуми, ги исполнува и критериумите утврдени во Правилникот за лиценцирање на клубови.

**Член 48**

Клубовите учесници во Втората фудбалска лига Исток и Втората фудбалска лига Запад, за натпреварувачката 2021/2022 година задолжително плаќаат <u>котизација за службени лица</u> во висина од 8000 (осум илјади) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

Котизацијата од став 1 на овој член ги покрива трошоците за налозите на службените лица .

Во случај да износот уплатен на име котизација за службени лица стане недоволен за подмирување на трошоците за налозите на службените лица Комисијата за натпревари во соработка со Финансовата комисија на ФФМ носи одлука со која го задолжува клубот да изврши дополнителна уплата.

Доколку се утврди дека износот уплатен на име котизација за службени лица е поголем од направените трошоци за исплата на налозите на службените лица , остатокот парични средства, по порамнувањето со евентуалните обврски према ФФМ по било кој основ, на барање на клубот се враќаат или се пребиваат со котизација за службени лица за наредната натпреварувачка сезона.

Неисполнувањето на условите за лиценцирање наведени во добиените условени решенија за лиценца за учество во Втора МФЛ (Исток и Запад), во периодот по направениот ждреб или почеток на првенство, доведува до намалување на бројот на учесници во Втора МФЛ(Исток и Запад).

**Пласман во повисок ранг 2022/23**

**Член 49**

Екипите пласирани/рангирани на прво место на конечните табели/или табели по член 31а на Втората фудбалска лига Исток и Втората фудбалска лига Запад во натпреварувачката 2021/2022 година, се стекнуваат со право на директно учество во Првата лига во натпреварувачката 2022/2023 година, доколку ги исполнуваат критериумите за лиценцирање.

**Член 50**

За пополнување на две места во Прва МФЛ во сезона 22/23, второпласираните екипи на конечните/соодветната табела од член 31а, на Втората фудбалска лига Исток и Запад, на неутрален терен играат бараж натпревар со деветто или десетто пласираната/рангираната екипа на конечната/ соодветната табела од член 31а табела во Првата фудбалска лига во натпреварувачката 2021/2022 година.

Противникот во бараж натпреварите на второпласираните екипи се утврдува со ждреб.

Победниците во бараж натпреварите од став 1 на овој член се стекнуваат со право да се натпреваруваат во Прва МФЛ во сезоната 2022/23.

**Испаѓање од Двете Втори МФЛ 2021/22**

**Член 51**

Екипите од двете Втори МФЛ, пласирани/рангирани на последните три места (8,9 и 10 место- **вкупно 6 екипи**) во сезоната 2021/22 согласно конечните табели или табелите уредени во член 31а од овие Пропозиции **директно испаѓаат** од Втора МФЛ Запад и Втора МФЛ Исток во една од Третите лиги каде територијално припаѓаат.

Екипите кои се откажале или се дисквалификувани од натпреварувањето можат да го зголемат бројот на екипите кои испаѓаат од Вторите лиги.

**Пополнување на Втора МФЛ 2022/23**

**Член 52**

Во натпреварувачката 2022/23 клубовите-учесници ќе се натпреваруваат во единствена Втора МФЛ.

Единствената Втора МФЛ во сезоната 2022/23 ќе брои 16 екипи.

Екипите пласирани/рангирани на 11 и 12 место во сезоната 2021/22 во Прва МФЛ директно ја пополнуваат единствената Втора МФЛ ( **2 екипи**)

Екипите пласирани од 3 до 6 место во двете Втори МФЛ директно ја пополнуваат единствената Втора МФЛ (**8 екипи**)

Екипите поразени во бараж натпреварите помеѓу второпласираните екипи на конечните/ табели на Втората фудбалска лига Исток и Запад, и деветто или десетто пласираната/рангираната екипа на конечната/ соодветната табела од член 31а табела во Прва МФЛ во натпреварувачката 2021/2022 година ја пополнуваат единствената Втора МФЛ преку бараж (**2 екипи**).

Екипите пласирани/рангирани на 7 место во сезоната 2021/22 во двете Втори МФЛ согласно конечните табели или табелите уредени во член 31 а од овие Пропозиции играат помеѓу себе еден бараж натпревар на неутрален терен, победникот останува да се натпреварува во единствената Втора МФЛ во сезоната 2022/23( **1 екипа**).

Првопласираните/ рангирани екипи на табелите- сезона 2021/22 во петте Трети лиги и екипата поразена во бараж натпреварот помеѓу екипите пласирани/рангирани на 7 место во сезоната 2021/22 во двете Втори МФЛ играат по еден бараж натпревар за пополнување на 3 места во единствената Втора МФЛ сезона 2022/23 . Натпреварите се играат на неутрален терен, противниците се одредуваат со ждреб, победниците ја пополнуваат единствената Втора МФЛ сезона 2022/23 ( **3 екипи**).

**Член 53**

Покрај спортскиот резултат, екипите кои ја пополнуваат единствената Втора МФЛ задолжително треба да ги исполнуваат и лиценцните критериуми за учество во Втора лига.

**Член 54**

Во случај некој од првопласираните/прворангирани екипи на регионите да се откаже од учество во бараж натпреварите или не ги исполнува лиценцните критериуми, останатите предвидени екипи (член 52, последен став) играат помеѓу себе бараж натпревари, доколку бројот на екипите кои останале да играат бараж е еднаков или помал од бројот на екипите кои директно испаѓаат (3 и помалку) истите директно ја пополнуваат Втора МФЛ.

Со правото за пополнување на повеќе од предвидените слободни места во единствената Втора МФЛ, (пр.дисквалификација на подобро пласирана екипа) или непотполнети (пр.остане непотполнето в.в став 1 на овој член) редоследно се стекнуваат:

- екипата поразена во бараж натпреварот помеѓу екипите пласирани/рангирани на 7 место во сезоната 2021/22 во двете Втори МФЛ;
- првопласираните/ рангирани екипи на табелите сезона 2021/22 во петте Трети лиги кои се поразени во бараж натпреварите – предност има екипата со подобар резултат во баражите,во случај на неприменливост, екипата/е се извлекува/аат со ждреб во зависност од бројот на слободни места;
- победникот од бараж натпревар кој треба да се одигра помеѓу осмо пласирани/рангирани екипи во сезоната 2021/22 во двете Втори МФЛ;
- нареднопласираните екипи на табелите на третите лиги кои ги исполнуваат критериумите за лиценцирање преку бараж натпревари (пример: бараж помеѓу второпласираните на табелите на третите лиги).

Доколку нема доволен број на заинтересирани екипи од екипите кои се стекнале со право за пополнување на Втора МФЛ во 2022/23 година врз основа на спортскиот резултат,односно редоследниот пласман и исполнети критериуми за лиценцирање , екипите рангирани на местата од кои директно поради пласман на табела испаѓаат од Втора МФЛ (под услов да не го напуштиле натпреварувањето односно да не се исклучени) редоследно добиваат можност да го продолжат натпреварувањето во единствената Втора МФЛ.

**Член 55**

Победникот на натпреварувањето освојува пехар.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 56**

Начинот на пополнувањето на единствената Втора МФЛ за сезоната 2022/23 ќе се одложи за една сезона најмалку, доколку првенството сезона 2021/22 не се одигра најмалку 75 %, во тој случај натпреварувањето и во наредната сезона 2022/23 продолжува со две Втори МФЛ.

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и другите применливи прописи на ФФМ.

Управниот одбор може да донесе одлука за промена на називот на лигите во зависност од комерцијалните придобивки за натпреварувањето.

**Член 57**

Овие Пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување.

**Член 58**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Скопје, 23.07.2021